Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19) и член 199 став (5) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20 и 171/22), министерката за одбрана донесе

# П Р А В И Л Н И К
**за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на плата на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на плата на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр. 01-3787/1 од 19.06.2019 година, бр. 01-4920/1 од 22.07.2021 година. бр. 01-1172/1 од 16.02.2022 година и бр. 01-1172/2 од 21.06.2022 година во член 20, по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, а поради објективни причини кои не зависат од лицето упатено на работа во странство, рокот од 15 дена се зголемува за дополнителни 15 дена сметајќи од денот на пристигнувањето во државата на прием.“

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Член 2

Во член 20 ставот 3 се менува и гласи:

„Трошоците направени за сместување над дозволените 30 дена, паѓаат на товар на лицето упатено на работа во странство.“

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Бр. 01-578/1
03-02-2023 2023 год
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска